**Видео 13: Закон за јавни патишта и надлежности на општините**

Управувањето со локалните заедници го вршат општините кои имаат свои надлежности во повеќе сфери. Една од нив е во областа на патниот сообраќај и поделбата на надлежностите помеѓу градот градот Скопје и општините во градот Скопје. Во ова видео ќе се осврнеме на некои од надлежностите кои општините ги имаат во оваа област.

Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата наопштинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. Одржувањето на јавните општински патишта подразбира редовно, зимско периодично и интервентно одржување.

Сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на општинските патишта ги поставува, заменува или отстранува и уредно ги одржува општината, односно градот Скопје. Делот кој се однесува на инспекцискиот надзор ни кажува дека задолжен за државните патишта е Државниот инспекторат за транспорт преку државните инспектори за патишта додека пак за општинските патишта и улици овластениот инспектор за патишта на општината, односно градот Скопје.

Општински линиски превоз на патници можат да вршат само превозници кои имаат лиценца која претходно им била издадена од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на град Скопје, за територијата на градот Скопје.

Во општините каде живеат над 100.000 жители, самата општина е должна да организира превоз на патници како јавна служба.

Советот на општината освен советите на општините од градот Скопје го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, а линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на градот Скопје го уредува Советот на градот Скопје.

Според соодветните законски одредби инспекцискиот надзор што се однесува на општинскиот превоз на патници, автотакси превозот на патници и посебниот превоз на патници го вршат овластените инспектори за патен сообраќај на општината.

Општините се должни да го уредуваат сообраќајот на локалните патишта и улици во своето подрачје.

**Што меѓу другото опфаќа уредувањето на сообраќајот?**

- поставување и одржување на заштитни огради за пешаци на опасни места;
- надзор на сообраќајот во пешачките зони;
- определување на зони со ниски емисии на штетни гасови од возилата и условите за сообраќај на возила во истите.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Какви типови на зеленило постојат?**

1. „Дрворед", односно линиски облик на зеленило, поставено по должината на сообраќајницата;
2. Зелен коридор", односно зелена површина долж сообраќајници и површини за пешачки и велосипедски сообраќај (средишна зеленило на булевари, живи огради и слично);
3. „Заштитно зеленило", односно зеленило што се поставува за да ги изолира зоните со инкомпатибилни намени и има улога на тампон-зона за заштита од индустриско загадување, ветер, подземни води, ерозија и свлекување на земјиштето, бучава, прав, непријатни мириси, како и за рекултивирање на јаловиште, депонии и деградирани простори;

**Чија надлежност е јавното зеленило што претставува дел од уличната мрежа?**

Управувањето со зеленилото, што подразбира подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото, е во надлежност на општината, општините во градот Скопје, градот Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Планирањето на зеленилото во границите на планскиот опфат на град во општините и градот Скопје се врши со Генерален урбанистички план кој ги дава основните намени на просторот. Планирањето на зеленилото во границите на планскиот опфат на општината, надвор од град, се врши со урбанистички план и урбанистичко-планска документација.

Секоја постапка за сечење односно кастрење на дрво кое е во општината, т.е дрво за кое надлежната служба утврдува дека има потреба за негово сечење, започнува со барање на физичко, правно или по службена должност.

Потоа врз основа на поднесеното, надлежните се должни во рок од седум дена да донесат решение, и на видливото место треба да се обележи дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на висина од 130 сантиметри.

Македонските закони забрануваат меѓу другото и какво било оштетување на зеленилото, неовластено копање и изнесување земја, копање канали, вршење прекопи и друго, фрлање и оставање отпадоци во зеленилото и слични дејствија.

Комуналните инспектори на општината во градот Скопје и градот Скопје, го вршат инспекцискиот надзор над спроведувањето на законот кој го регулира урбаното зеленило.

**Кои се надлежностите на градот Скопје?**

Често не знаеме кога некое прашање е надлежност на градот Скопје, а кога е во надлежност на некоја општина во рамки на градот Скопје. Токму ваквото разграничување го врши законот за градот Скопје.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Македонското здружение на млади правници нуди правна поддршка на еколошките граѓански организации. Контактирајте го здружението и информирајте се детално за активностите кои можете да ги преземете.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.